# Базирано врз речиси вистинити настани

(Првите реченици од романите што никогаш нема да ги напишам)

---

Ѕвездан Георгиевски

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Ѕвездан Георгиевски, БАЗИРАНО ВРЗ РЕЧИСИ ВИСТИНИТИ НАСТАНИ**

**© Ѕвездан Георгиевски, 2024**
**© Бегемот, 2024**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Базирано врз речиси вистинити настани

(Првите реченици од романите
што никогаш нема да ги напишам)

Ѕвездан Георгиевски

Скопје, 2024

„Сеќавањето на човекот не е збир;
тоа е неред од неодреден број можности“.
Хорхе Луис Борхес

## 1.

„Очилата исчезнаа од кујнската маса во недела, на 12 февруари, во 9 часот и 23 минути. Ова е приказна за последиците што настанаа од овој невообичаен настан, сè до нивното исто толку ненадејно појавување“.

Вака беше замислен почетокот на извесна приказна што имав намера да ја напишам. Имав и наслов: „Мистериозното исчезнување на очилата“. И можеби ќе ја напишев. Само што немав очила. А без нив сум сосема неупотреблив.

Очилата навистина мистериозно исчезнаа една недела во Ниш. Јас и жена ми бевме таму гости на една свадба и спиевме во куќата на еден брачен пар на наша возраст, братучетката на жена ми и нејзиниот сопруг. Кога ги пакував работите пред враќање во Скопје, очилата не ги спакував затоа што знаев дека ќе ми требаат да

го разгледам дневниот печат, а и да просурфам по интернетот. Во недела навечер вообичаено пишувам колумна и денот практично ми поминува во барање актуелна тема.

Пиев кафе со домаќините во кујната и кога дојде време за дефинитивно допакување на работите, очилата ги оставив на кујнската маса. Кога се вратив во кујната, домаќинката веќе ги расчистила работите. Ја прашав каде ги ставила очилата, а таа одговори дека не видела никакви очила. Тоа не ме поколеба да разгледам низ кујната и да ги побарам. А богами ги бараа и другите присутни. Но, очилата, ги немаше! Домаќинката ми вели дека сигурно сум ги зел и веќе сум ги спакувал. Знаејќи ја мојата расеаност, оваа можност делуваше мошне веројатно. А и не се грижев премногу. Дома имам резервен пар. Додуша, прилично искршен и страшно ми го гребеше носот, ама сепак вршеше работа во нужда.

Додека возев кон Скопје, братучетката ѝ се јави на жена ми. Бев убеден дека ги нашла очилата. Ама не! Таа само ни соопшти дека сме го заборавиле младото сирење што жена ми го купила за некој нејзин колега, а и за нас.

Кога стасавме дома, прво што направив – се распакував, ама очилата никаде ги немаше. Футролата беше тука. И беше празна.

Резервниот пар послужи за да ги завршам обврските таа вечер. И да добијам соодветна главоболка. Таков каков што сум, се жалев на сите страни за мојата тешка судбина (ова не е пр-

виот пар очила што го губам). И во меѓувреме ја мислев приказната што би можела да произлезе од оваа случка.

Во главата имав неколку правци на развојот на дејството.

Можеше да оди чеховски. Поради губењето на очилата, главниот јунак не успеал да си ги заврши обврските. Останал без средства за живот. Станал просјак и бескуќник. И на крајот завршил в затвор. За да има што да јаде и каде да спие.

Можеше да се развива и како апсурд. Главниот јунак е столар и додека го сече и го обработува дрвото, поради немање очила се самоповредува, односно ги губи екстремитетите, еден по еден. Сè додека не остане без раце и нозе.

Можеше да се тера и како некаква сатира. Куп генерали стојат над топографски карти и ја планираат офанзивата во актуелната војна. По напорното концентрирање врз стратешките прашања, воените стратези одат во соседната просторија на кафе-пауза. Кога се враќаат во тактичката соба, сфаќаат дека е направена диверзија, односно дека на сите им се украдени очилата. Генералите во мигот се онеспособени и така завршува војната.

Размислував и за научна фантастика. Вонземјани (една од моите омилени теми, која никогаш не сум се обидел да ја напишам) ги крадат очилата на земјаните. Настанува хаос во сообраќајот, во социјалните односи (луѓето не се

препознаваат меѓу себе), во здравството, во науката, во образованието, во стопанството, па и во политичкиот живот.

Или да биде класична фантастика. Зад целиот случај се криjат некакви таинствени сили, водени од Луцифер лично, чија идеја е да се уништи секаква можност да се читаат мудри книги.

Или да биде баш мистерија. Зад исчезнувањето на очилата се крие некое мистериозно, но користољубиво убиство, а очилата ќе бидат крунски доказ да се обвини невиниот човек. И натаму следи Хичкоковиот *саспенс* на бегство на невиниот и неговата борба за правда.

Пристапот можеше да биде и филозофски. Нешто за кршливоста на човековата природа. Колку малку е потребно сосема да се онеспособиме. И да се скршиме. И колку сме немоќни пред самите себе.

Секако и кафкијански. Поради исчезнувањето на очилата, главниот јунак не успева да прочита некаква покана за разговор кај соодветните органи, а тоа натаму предизвикува судски процеси и скитања низ административните лавиринти, кои нема да завршат добро затоа што главниот јунак нема очила.

Можеше да биде приказна за пропаста на еден сликар, или филмски сниматель, или писател... Можеше да биде и убав романтичен роман за раѓање на љубов во потрагата по очилата, можеше сешто да биде. А нема да биде ништо, затоа што јас немав очила!

Дали поради моето јадосување и самосожалување или поради нешто друго, важно јас од една драга личност добив на подарок нови и прекрасни рамки за очила. Дали ставив диоптерски стакла на новите рамки? Не! Па, ги имав искршените резерви (додуша, ниту исчезнатиот пар очила не беше во некоја добра состојба). А и веќе тогаш знаев дека од приказната нема да биде ништо. Кога во главата немам чиста ситуација, тогаш сѐ ќе заврши на некоја скица, а немам некоја особена волја да пишувам скици.

Неполна недела по моето враќање од Ниш, доаѓаше ќерка ми од Лондон. Тој ден дојде жена да ни го среди станот, а јас отидов на скопскиот аеродром да ја пречекам ќерка ми. Кога се вратив дома, жената веќе беше замината. И моите резервни, искршени и главоболни очила никаде ги немаше. Тоа не е нешто невообичаено. Кога ќе дојде жена за чистење дома, некои работи тешко се наоѓаат. Таа ги става онаму каде што мисли дека им е местото.

Решив да пребарам сѐ пред мене. Првенствено џебовите од моите сакоа и елеци. Да не сум ги зел случајно и да не ја обвинувам жената бадијала.

И напипав очила во поставата од моето сако. Пропаднале некако таму.

Во моето сако ги најдов очилата што ги заборавив во Ниш! Сепак сум ги зел и тие некако пропаднале најдолу.

Сега сè нешто се мислам за нова приказна што би се викала „Мистериозното поставување диоптерски стакла на новите рамки“.

А резервните очила уште ги нема.